20120842221

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО СИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 54 став 1 точка 8 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011 и 26/2012), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 18 јуни 2012 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ВО СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО – КОНСУЛТАТИВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко - консултативната здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" број 164/2008, 22/2009, 33/2010, 92/2010, 96/2010, 108/2010, 122/2010, 147/2010, 171/2010, 33/2011, 99/2011, 153/2011, 155/2011, 164/2011, 181/2011 и 54/2012), во член 2, после табелата за имунологија се додаваат следниве услуги:

ФАРМАКОЛОГИЈА

Шифра	Назив на услуга	Референтна цена
ФА01	Определување на концентрација на активен Б12 во плазма	1.150
ФА02	Определување на концентрација на Б-тип на натриуретичен пептид (БНП) во плазма	1.600
ФА03	Следење на концентрација на дигоксин во плазма	830
ФА04	Следење на концентрација на карбамазепин во плазма	800
ФА05	Следење на концентрација на фенитоин во плазма	800
ФА06	Следење на концентрација на фенобарбитон во плазма	800
ФА07	Следење на концентрација на валпроична киселина во плазма	800
ФА08	Следење на концентрација на теофилин во плазма	800
ФА09	Следење на концентрација на гентамицин во плазма	800
ФА10	Следење на концентрација на ванкомицин во плазма	800
ФА11	Следење на концентрација на тобрамицин во плазма	800
ФА12	Следење на концентрација на фолат во серум и полна крв	1.000
ФА13	Определување на концентрација на серотонин во серум	1.850

ФА14	Определување на концентрација на катехоламини во урина	3.300
ФА15	Определување на концентрација на допамин транспортер во биолошки флуиди	4.000
ФА16	Определување на концентрација на антиинсулински антитела во серум и плазма	980

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02 – 10428/15
18 јуни 2012 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Елена Трпковска, с.р